Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| **Седмица 13**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Монетите имаат различна вредност** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети. | Можам да ги препознаам монетите што се користат во мојата земја.<br><br>Можам да ги пронајдам сите монети според вредноста и да ги разликувам. | Проверување домашна работа и повторување од минатиот час.<br>Во сад имам ставено вистински монети со различна вредност (1, 2, 5, 10 и 50 денари). Секој ученик зема по една монета и барам да ја каже вредноста на монетата, како и да ја покаже и опише предната и задната страна на избраната монета.<br>Потоа од децата барам, зависно од вредноста на монетите што ги избрале, да се наредат во редица од најмала до најголема вредност.<br>Потоа од учениците барам да се групираат според вредноста на избраните монети (тие што имаат одбрано 1 денар се во една група итн). | З<br><br>З/И<br>З<br><br><br><br><br>З/Г | Сад со монети (1, 2, 5, 10 и 50 денари) | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Побарај од родителите да те пратат во самопослуга да испазаруваш одереден производ користејќи монети. | | Денари, 1, 2, 5, 10 и 50 денари. | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 13<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Направи ја сумата | | Одделение: I | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети. | Можам да пресметувам како да се плати точна сума со користење на помали монети.<br><br>Можам да ги пронајдам сите монети според вредноста и да ги разликувам. | Проверување домашна работа и повторување од минатиот час.<br>Учениците во групи добиваат предмети со различни цени: 10 денари, 13 и 28. Од учениците барам со групирање на монети да ја направат сумата колку чини предметот. Потоа секоја група презентира како со помош на групирање на монетите ја направиле сумата на чинење на дадениот предмет.<br>Активност: игра пазар. Се делат на две групи<br>1 група продавачи.<br>2 група купувачи. | 3<br><br>З/И<br><br>3<br><br>З/Г | Монети<br>монети (1, 2, 5, 10 и 50 денари)<br>Продавница за играње на улоги со предмети означени за учење – пријателски цени за да „купам" од нив за време на играњето улоги. | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | | | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | | Клучна терминологија | |
| | | | | | Денари, 1, 2, 5, 10 и 50 денари. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 13**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Како ќе платиме** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети.<br><br>Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети. | Можам да ги препознаам монетите.<br><br>Можам според вредноста на монетите да ги групирам како ќе платам. | Проверување домашна работа и повторување од минатиот час.<br>Задачи за размислување: колку денари од по 1 денар има во 5 ден, 7, 9? Колку денари од по 2 ден има во 10 ден, 15, 20...?<br>Колку денари од по 5 ден има во 10, 20, 25...?<br>Импровизација на книжара во обем на група.<br>Манипулација со монети за купување на книга/тетратка/молив.<br>Купување на неколку различни начини. Како ја добиваме истата сума? | З<br><br>З/И<br><br>З<br><br>З/Г | Сад со монети (1, 2, 5, 10 и 50 денари)<br><br>Играчки, учебници, тетратки | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Денари, 1, 2, 5, 10 и 50 денари. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 13**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Кој има повеќе/помалку монети? - игра** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br><br><br>10 мин. | Ги препознава сите монети.<br><br>Наоѓа повеќе комбинации, на пр. на колку начини може да се подредат три различни предмети?<br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката. | Ги знам и препознавам сите монети<br><br>Можам да определам кој има повеќе / помалку монети. | Проверување домашна работа и повторување од претходно наученото.<br>Играме игра: Кој има повеќе/помалку монети. Во пластична кутија имам ставено повеќе различни монети по вредност. Од учениците барам без да гледаат, еден по еден да земат по три монети.<br>Секој ученик гледа колку монети има кај себе, ја пресметува нивната вредност и тоа го запишува во својата тетратка.<br>Потоа учениците ги делам во парови и барам од нив да кажат кој има кај себе повеќе, а кој помалку монети. | З/И<br><br>З/И<br><br><br><br>И<br><br>П | Монети<br><br>Пластична кутија | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Денари, 1, 2, 5, 10 и 50 денари, монети. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 13**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Игра - Пазар** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката. | Можам да изберам соодветни стратегии за пресметување.<br><br>Знам да користам соодветни стратегии за пресметување и да ги објаснам. | Разговарам со децата за тоа дали сами или со своите родители одат на пазар, продавница, супермаркет. Кога одиме со цел да купиме некои производи, потребни ни се средства, т.е. пари. Им кажувам дека денес ќе играме една игра - пазар. Децата ги делам во две групи на продавачи и купувачи. Поставуваме тезги на кои има разни продукти и производи. Сите имаат различни цени. На децата им делам претходно испечатени пари и имаме една заедничка каса. Децата кои што се купувачи пресметуваат колку пари треба да дадат, а продавачите колку треба или не треба да вратат. Откако ќе се продаде сѐ, правиме промена на улогите. На крајот од часот ја пееме песничката пазар. | 3<br><br>3<br><br>3 | Тезги<br>Производи<br>Каса<br>Печатени пари | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Да купат по еден производ од блиската продавница. | | | |

obrazovanie.literatura.mk